РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 02.09.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/105 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/2014) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *јазик и култура на Бошњаците* за IX одделение, на деветгодишното основно воспитание и образование

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ

Скопје, јуни 2014 година

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО
ОБРАЗОВАНИЕ

**IX** ОДДЕЛЕНИЕ

# I. ВОВЕД

Наставата по предметот Јазик и култура на Бошњаците им овозможува на учениците од VII до IX одделение продлабочување, проширување и синтетизирање на здобиените знаења и способности за примена на босанскиот јазик во сите видови комуникација, како и интерес за историскиот развој на босанскиот јазик. Преку наставата по јазик и култура на Бошњаците се усовршуваат вештините на учениците за слушање, читање, доживување и толкување на литературните текстови, за истражување, творење, писмено и усно изразување на стандарден босански јазик.

Предмет јазик и култура на Бошњаците создава основа за примена на здобиените знаења за стандарднојазичната норма и игра многу значајна улога во остварувањето на воспитниот процес, преку литературните и другите текстови, во смисла на естетската, етичката, социјалната, националната и другите компоненти што го сочинуваат воспитно-образовниот курикулум.

Според наставниот план за предметот Јазик и култура на Бошњаците се планирани по 2 часа неделно, односно 72 наставни часа годишно.

Наставниот предмет Јазик и култура на Бошњаците во наставниот план има статус на изборен наставен предмет.

**Назив на наставниот предмет:** *јазик и култура на Бошњаците*

**Вид на основно образование:** деветгодишно основно образование

**Број на часови на наставниот предмет:**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** Изборен предмет

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да усвојува знаења за потеклото, развојот и карактеристиките на босанското писмо и босанскиот јазик,
- да се оспособува за разликување правилна употреба на членот кај именките,
- да се оспособува за разликување правилна употреба на падежите,
- да се оспособува за разликување на заменките во речиницата,
- да се оспособи да ги усогласува придавките со именлите (род,број и член),
- да се оспособува за препознавање на различните граматички категории кај глаголите и простите глаголски форми,
- да ги препознава различните видови реченици според содржината (расказни, прашални и одречни),
- да се оспособува да прераскажува прочитан текст, гледана ТВ емисија или театарска представа,
- развивање на свеста за сопствениот идентитет и карактеристиките на Бошњаците во Р.М.,
- да се запознаваат и да ги афирмираат вредностите на својата култура, обичаи и начин на живеење,
- да препознават и компарираат сличности и разлики во однос на народите со кои живеат на ниво на јазик и култура,
- да се запознае со важноста на интеркултурниот дијалог и почитување на различноста,
- да развива чувство за припадност кон Република Македонија, бошњачкиот народ и почит кон другите култури.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес и знаење за првите писмени споменици од историјата на Бошњаците,
- систематско проширување на знаењата за современиот босански стандарден јазик,
- систематско, содржинско богатење и проширување на лексичкиот фонд на мајчиниот јазик,
- развивање на способностите за точно и јасно искажување,
- натамошно развивање на способностите за усно и писмено изразување,

- богатење на речникот со нови зборови од босанскиот јазик,
- развивање на чувството за стилска употреба на лексичкиот фонд,
- запознавање на учениците со книжевните дела со трајна уметничка вредност од бошњачкото книжевно наследство како и од другите народи во Р. Македонија и светот,
- оспособување на учениците за самостојно критичко мислење и вреднување на книжевните текстови и негување на смислата за убавото низ анализа и избор на тие текстови,
- усвојување на основни и стручни поими од лингвистиката, теорија на книжевноста и уметноста воопшто,
- да се запознава со елементи од бошњачката традиција и култура,
- оспособување на учениците да во своите знаења за јазикот и книжевноста вметнат и знаења од други видови современи видови комуникација ( ТВ, компјутери, интернет и др.).

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Програмско подрачје: ЈАЗИК (26 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| Ученкот/ученичката:<br>• Да се запознае со развојот на босанскиот стандарден јазик во XX век<br>• Да се запознае со дијалектите на босанскиот стандарден јазик<br>• Да се запознае со поделбата на санџачкиот дијалект на поддијалекти | • Стандардизација на босанскиот јазик<br>• Дијалекти на босанскиот јазик<br>• Поддијалекти на санџачкиот дијалект | • Стандарден босански јазик<br>• Источнобосански<br>• Западнобосански<br>• Источнохерцеговски<br>• Западнохерцеговски<br>• Санџачки поддијалекти (бјелопољско –рожајски, пријепољско –пљеваљски, новопазарски, плавско-гусињски и | • Запознавање со формални изданија на трудови за граматиката, правописот и речникот на босанскиот стандарден јазик.<br>• Запознавање со дијалектите и поддијалектите на санџачкиот дијалект во босанскиот јазик, читање на зборови од соодветниот дијалект и поддијалект за воочување на разликите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | мрковиќки) | |
| | **Фонетика** | | |
| • Да ги демонстрира знаењето за акцентот во санџачкиот дијалект;<br>• Да умее да распознава акцент по тон и интонација; | • Нагласени и ненагласени зборови<br>• Видови акцент по тон и интонација | • Акцент<br>• Видови акцент по тон и интонација<br>• | • вежби со соодветно избрани текстови од босански автори „Balada o medvjedici“ и „Emina“<br>• вежби за воочување на разлики од видови акцент по тон и интонација со изразно читање на текст. *Livada, bolnica, vojnik,žalos, mene, tebe (dativ i lokativ), orat, doj, morat, dignusmo,*<br>• слушање на радио и ТВ емисии<br>• говорни вежби |

| | **Морфологија** | | |
|---|---|---|---|
| • Да ги систематизира и проширува знаењата за граматичките категории кај глаголите<br>• Да ги разликува простите и сложените глаголски форми;<br>• Да знае да ги образува глаголските форми: аорист, футур, I и II, императив и потенцијал I и II, глаголска придавка, глаголски прилог;<br>• Да го разбира значењето на глаголските форми и правилно да ги употребува во соодветен контекст; | • Прости и сложени глаголски форми<br>• Лични глаголски форми:<br>-временски: презент, перфект, аорист, футур I и II (значење, творма, гласовни промени)<br>-начински: императив и потенцијал I и II<br>• Нелични глаголски форми:<br>-инфинитив, трпна глаголска придавка, глаголски прилог (сегашен и минат) | • Глаголски форми<br>• Градба и функција<br>• Лични глаголски форми<br>• Презент<br>• Перфект<br>• Аорист<br>• Футур<br>• Императив<br>• Потенцијал<br>• Нелични глаголски форми<br>• Трпна глаголска придавка<br>• Глаголски прилог | • Вежби за препознавање на граматичките категории кај глаголите и на простите и сложените глаголски форми.<br>• Вежби за препознавање на посочените глаголски форми.<br>• Вежби за откривање на карактеристиките ( стилските белези на аористот, замената на футурот II со презент и обратно, разликување на глаголските времиња од начините).<br>*Sutra odlazimo na Igman.*<br>*Dajte nam vode, skapasmo od žeđi!*<br>*Proljeća dolažahu kasno.*<br>*Plovolo smo prema Neumu.*<br>*Kad sam slušao vijesti, bio sam se jako naljutio.*<br>• Вежби со анализа на примери за лични и нелични глаголски форми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да ги разликува менливите од неменливите зборови;<br>• Да ги препознава и да ги разликува прилозите ( за време, место, начин и количество)<br>• Да ги употребува правилно прилозите;<br>• Да ги разликува прилозите од придавките од среден род со кои може да има иста форма | • Прилози за: време, место, начин и количество<br>• Промена ( компарација) на прилози | • Прилози за време, место, начин и количество | • вежби со одредување на прилози во соодветно избрани текстови<br>• составување на реченици во кои се употребени прилози и придавки за да се направи разлика пр. *Danas smo bliže, a sutra ćemo biti najbliže cilju.*<br>• Вежби со разликување на прилози од придавки од среден род пр. Lijepo dijete lijepo piše. |
| • Да ги разликува и да ги препознава предлозите;<br>• Да знае правилно да ги употреби предлошко падежните изрази | • Предлози<br>• Предлошко падежни изрази | • Предлози<br>• Предлошко падежни изрази | • Вежби за правилна употреба на предлозите.<br>• Вежби со препознавање на предлози во избрани текстови.<br>*U vezi sa dogovorom.*<br>*Po cijeni tužbe.*<br>*Po imenu Derviš* |
| • Да ги препознава сврзниците како неменливи зборови;<br>• Да умее да ги разлукува независните од зависните сврзници; | • Сврзници (независни и зависни) | • Сврзници (независни и зависни) | • Вежби за препознавање на сврзниците во соодветно избрани текстови.<br>• Пишување на реченици со самостоен избор на сврзници како врска меѓу одделни зборови и меѓу реченици. |

| | **Синтакса** | | |
|---|---|---|---|
| • Да ги разликува директниот и индиректниот предмет;<br>• Да умее да воспоставува врска на предметот со другите главни членови на реченицата ( да ги усогласува според граматичките катгории)<br>• Да ги разликува и применува знаењата за реченичните членови атрибут и апозиција | • Реченични делови<br>• Директен предмет<br>• Индиректен предмет<br><br>• Реченични делови: атрибут и апозиција | • Предмет<br>• Директен предмет<br>• Индиректен<br>• предмет<br><br>• атрибут<br>• апозиција | • Вежби за препознавање на предметот во реченицата со определување за каков вид предмет станува збор.<br>• Составување на реченици со употреба на индиректен и директен предмет.<br>• Вежби со препознавање на атрибут и апозиција.<br>• Составување на реченици каде се употребени атрибут и апозиција. |
| • Да ја препознава структурата на сложената реченица<br>• Да ги разликува независносложените од зависносложените реченици;<br>• Да составува сложени реченици со поврзување на речениците;<br>• Да ги разликува независносложените реченици ( составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни); | • Сложена реченица<br>• Структура на сложена реченица<br>• Поделба на сложената реченица<br>• Независносложени релениции<br>• Зависносложени реченици | • Сложена реченица<br>• Независносложена реченица | Вежби за составување на независносложени реченици од две или повеќе сложени реченици. |

| | **Речник и стил** | | |
|---|---|---|---|
| • Да прави разлика во лексичкото значење според нивното потекло;<br>• да прави разлика и да ја препознава домашната и странската лексика;<br>• да ги препознава дијалектизмите, неологизми, интернационализмите, турцизмите и др. | • Речнички состав на босанскиот јазик спред потеклото на зборовите;<br>• Домашна лексика;<br>• Странска лексика; | • Домашна лексика<br>• Странска лексика<br>• Дијалектизми<br>• Неологизми<br>• Интернационализми<br>• Турцизми<br>• Заемки ( од другите јазици) | • Вежби со примери од соодветно избрани текстови каде што се употребени дијалектизми, интернационализми, турцизми и др.<br>• Толкување на дијалектизмите, интернационализмите, турцизмите и сл. |

КА ЗА О ВОЈ Н О УКА ПЈЕ

| | **Правопис** | | |
|---|---|---|---|
| • Да знае правилно да ги примени знаењата за употреба на интерпункциски знаци;<br>• Да ги користи туѓите зборови таму каде што е тоа неопходно и оправдано;<br>• Да го употребува генитивниот знак при пишувањето; | • Употреба на интерпункциски знаци<br>• Пишување и употреба на заемките<br>• Генитивен знак<br>• Изговор и пишување на гласовите č, ć, dž, đ во глаголскиот прилог (сегашен) | • Интерпункциски знаци<br>• Генитивен знак<br>• Гласовите č, ć, dž, đ | • Вежби за проверка на усвоените знаења за правилна употреба. на интерпункциските знаци<br>• Вежби за правилна употреба и пишување на заемки.<br>• Вежби за правилна употреба на генитивниот знак. Пр. *Iz primerâ možeš zaključiti o toj pojavi.*<br>• Вежби за правилен изговор и пишување на гласовите č, ć, dž, đ во глаголскиот прилог за сегашно време. |

| **Програмско подрачје: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (22 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Усно и писмено изразување** | | |
| Ученикот/ученничката:<br>• Да ја употребува стандардната јазична норма во писменото и усното изразување | • Раскажување<br>• Прераскажување<br>• Опишување | • Раскажување<br>• Прераскажување<br>• Опишување | • Вежби за раскажување настани и доживувања<br>• Раскажување по хронолошки ред и со ретроспекција.<br>• Раскажување на настани каде |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да раскажува настани или литературен текст со употреба на изразни средства;<br>• Да умее да издвои и да претстави најважни делови од некој настан;<br>• Да раскажува хронолошки и ретроспективно;<br>• Да умее да продолжи по даден почеток;<br>• Да умее да смисли почеток на текст со даден крај;<br>• Да опишува детално патувања, настани, ликови и дрго што ја поттикнува креативноста на ученикот;<br>• Да умее да даде личен став за гледана емисија, филм, театарска претстава, за новинарски запис и сл.<br>• Да употребува | • Записник<br>• говор | • Записник | што ученикот се поистоветува со некој од современите позитивни ликовите од различни уметнички извори ( книга, филм, ТВ емисија и сл.)<br>• Прераскажување по даден план, по даден почеток или крај, со измени на глаголското време, според заеднички план, со измена на ликовите.<br>• Прераскажување на радио или ТВ емисии, филмови, театарски претстави, книги, написи во печатени медиуми, патувања и сл.<br>• Вежби за опишување предмети, појави, места, пејсажи, места, портретирање на ликови.<br>• Вежби за водење записник ( на пр. од одделенски час, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| соодветен јазичен израз и форма припишувањето текст и при настап со говор; | | • говор | родителски состанок, од секција и др.)<br>• Вежби за составување говор и настап со говор ( на пр. Обраќање по повод празник, ден на училиштето, обраќање за некој проблем и сл.). |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Литература и култура на Бошњаците ( 24 часа)** | | | |
| Ученикот/ученичката<br>• Да знае да ги објасни карактеристиките на социјалните песни и елегиите;<br>• Да ги интерпретира различните видови лирски песни<br>• Да се оспособи за | • Лирски видови:<br>• Социјални песни<br>• елегија<br>• Лирско – епски творби во стих: | • Социјални песни<br>• елегија<br>• балада | • слушање и гледање аудио и видео записи.<br>• Вежби за интерпретативно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| правење избор на лирски песни ( од народната и уметничката босанската литература);<br>• Да ги знае специфичностите на лирско-епските тврoби во стих;<br>• Да ги разликува баладата и романсата според основниот мотив;<br>• Да ги интерпретира баладите и романсите;<br>• Да ги препознава стилските фигури како карактеристики на уметничките текстови;<br>• Да се оспособи за пронаоѓање на овие стилски фигури ( во творби од босанската народна и авторска литература; | • балада<br>• романса<br><br>• Стилски фигури:<br>• Рефрен<br>• Градација<br>• Апострофа<br>• Хипербола<br><br>• Голема епска | • романса<br><br>• рефрен градација<br>• апострофа<br>• хипербола<br>• словенска антитеза | читање на овој вид творби. (Hasanaginica)<br><br>• Вежби за препознавање на стилските фигури во соодветни текстови од босанската литература.<br>• Вежби за интерпретативно читање и рецитирање на соодветни литературни текстови со акцент на стилските фигури.<br><br>• Обработка на роман “Derviš I smrt” - M. Selimović |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да ги препознава карактеристиките на романот;<br>• Да интерпретира делови од романот;<br>• Да споредува романи расказ според нивните белези;<br>• Да ги знае особеностите на дневникот како научно – литературен вид; да се потикне да пишува дневник<br>• Да ги препознава карактеристиките на современата драма;<br>• Да ги споредува основните драмски видови (комедија, трагедија и драма); | творба во проза: роман<br>• Литературно-научен вид: дневник<br>• Надворешни карактеристики на драмскиот текст: афиш, дидаскалии, пролог, епилог, дијалог-монолог, исказ на лик<br>• Видови драми: современа драма | • роман<br>• дневник<br>• надворешни карактеристики на драмски текст<br>• современа | • Проблемски метод<br>• Вежби за споредување на роман и расказ<br>• Читање на извадоци од дневник. „Dnevnik Ane Frank“<br>• Вежби за пишување на дневник<br>• Читање на извадоци од драмски текстови.<br>• Вежби за препознавање и разликување на : афиш, дидаскалии, пролог, епилог, дијалог – монолог, исказ на лик.<br>• Читање на извадоци од различни видови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | драма | драми.<br>• Вежби за споредба на основните драмски видови.<br>• Вежби за драмско читање и драмска изведба во училницата. |
| | **Култура на Бошњаците** | | |
| • Да се запознае со потеклото на Бошњаците во Р. Македонија<br>• Да се запознава со основните карактеристики за Бошњаците од Санџак и Босна<br>• Да се запознае со | • Историски податоци за првото населување на Бошњаците во Р. Македонија<br>• Етнолошки карактеристики за Бошњаците од Санџак и Босна<br>• Обичаи<br>• Народна носија | • Историја на Бошњаците во Р.М.<br>• Етнолошки карактеристики<br>• Обичаи<br>• Народна носија | • Читање на историски податоци за потеклото на Бошњаците во Р.М.<br>• Читање на податоци и информации за етнолошките карактеристики на Бошњаците и разгледување на фотографии, презентации Power point<br>• Читање на дела и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| делата на успешни Бошњаци кои творат во Р. Македонија<br>• Да препознава некои обичаи кај Бошњаците (обичаи за раѓање, свадба и смрт)<br>• Да се запознае со народната бошњачка носија<br>• Да се запознае со народното материјално и духовно творештво на Бошњаците<br>• Да се запознае со типично бошњачката архитектура на познати културно историски значајни објекти во Санџак<br>• Да се запознае со типично уредување на традиционална бошњачка соба „алатурка„<br>• Да се запознава со празниците кои ги | • Музички инструменти<br>• Детски колективни игри<br>• Бошњачка архитектура<br>• Празници<br>• Севдалинка („Мој дилбере„ во изведба на Тоше Проевски)<br>• Народно оро: Јусуфово коло<br>• Откривање и препознавање на сличности и разлики со културите на другите етнички заедници во Р. Македонија | • Музички инструменти<br>• Детски колективни игри<br>• Бошњачка архитектура<br>• Алатурка<br>• Рамазан и Курбан Бајрам<br>• Ден на Бошњаците во Р.М.<br>• Севдалинка<br>• Јусуфово коло | запознавање на творби од културата и уметноста од успешни бошњачки личности во Р. Македонија ( Ферид Мухиќ, Фехим Хусковиќ, Шефкија Боранчиќ, Адем Реџиќ, Ферхан Кочан и др.)<br>• Разгледување на подготвен материјал за бошњачката традиционална куќа<br>• Разговор за начинот на прославување на празниците кај Бошњаците<br>• Слушање на севдалинки и учење на омилени севдалинки<br>• Увежбување на основни чекори на босанското коло<br>• Препознавање и откривање на сличностите и разликите во културите со другите етнички заедници во Р. М. и разговор за начините на меѓусебно почитување и живеење заедно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| празнуваат Бошњаците<br>• Да научи да пее текст од севдалинка<br>• Да научи едноставно народно оро на Бошњаците<br>• Да ги забележува сличностите и разликите во обичаите, музичкото творештво и културата на другите заедници во Р. Македонија како фактор за зближување со другите и збогатување на личноста | | | |

## IV. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот јазик и култура на Бошњаците на босански јазик ги опфаќа следните подрачја: Јазик ( Граматика); Изразување и творење и Литература и култура на Бошњаците.

При планирањето на наставата во IX одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во изучувањето на граматиката, изразувањето и творењето на босански литературен јазик. Исто така, подеднакво треба да внимава, (

во интегралното планирање) да не се запостават некои од битните карактеристики на босанскиот јазик, како и содржините од литературата и културата на Бошњаците. Бидејќи овој наставен предмет во IX одделение се изучува со по два часа неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови. Така наставникот/наставничката може да планира глобално во рамките на 26 наставни часови да посветува соодветно внимание на содржините и активностите за јазикот (граматика, правопис и правоговор); на 22 наставни часови да планира содржини и активнсоти за изразување и творење; на 24 наставни часови на содржини и активности за литературата и културата на Бошњаците ( народни песни, инструменти, носии, ора и игри; обичаи и обреди; стари занаети и други обележја во животот на Бошњаците) кои се интегрирани со другите наставни подрачја.

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на целините на предметот Јазик и култура на Бошњаците на босански јазик. Предметните подрачја даваат такви можности според нивната структура, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење ( прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност при говорењето или пишувањето или пак, содржините за јазикот да се разгледуваат независно од текстовите што се обработуваат, како и да не се користат знаењата за јазикот во изразувањето и творењето. Оваа поврзаност во изучувањето на босанскиот јазик е битна карактеристика, исто така како што е и поврзаноста на предметот со другите предметни содржини, што претставува важен принцип во наставата и учењето во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што во текот на учебната година да се даде акцент за разработка на содржини и активности со користење на латиницата.

Исто така, за да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/наставничката да планира и да обработува претежно содржини ( текстови, песни, раскази и сл.) на босански јазик во кои се содржат теми за обичаите и другите обележја од областа на јазикот и културата на Бошњаците.
Освен тоа наставникот/наставничката треба да посвети поголемо внимание за правилна употреба на падежите во босанскиот јазик во усното и писмено изразување кај учениците.

***Наставни средства:***

- Учебник избран на ниво на училиште за соодветбиот предмет, одобрен од страна на министерот;
- Енциклопедии, речници и сл.;
- Аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД
- Други извори на учење: Интернет;

## V. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за босанскиот јазик, во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Исто така треба да се воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по босански јазик за и со начинот на обработка на содржините, следењето на постигањата на учениците во учениците се оценуваат со бројчана оценка, а на крајот на наставната година ученикот добива свидетелство со бројчани оценки. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – Во текот на наставата по босански јазик во се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

-Собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;

-Тековни ( формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретни активности или студии на случај во кои наставникот/наставничката ја бележи фактичката состојба;

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* – Врз основа на целокупните податоци од формативното оцнување наставникот/наставничката во текот на годината и на крајот на годината ги оценува со бројчана оценка.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

-Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* – Согласно со природата на предметот Јазик и култура на Бошњаците на босански јазик во одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот ( говорни вежби, презентации, писмени вежби и сл.).*

## VI. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за деветгодишно основно училиште донесен од страна на Министерот за образование и наука.

## VII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во деветто одделение може да ја изведува лице кое говори на босански јазик и кое завршило Филолошки факултет – настава насока:
- Историја на книжевноста на народите на СФРЈ, со српски јазик како втор главен предмет ( по стара програма);
- Македонска книжевност и јужнословенска книжевност, со српски јазик како втор главен предмет;
- Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
- Српски јазик под А (по стара програма);
- Босански, хрватски, српски јазик и книжевност;
- Педагошки факултет ;
- Природно-математички факултет – група етнологија;

## VIII. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

- Да ги знае основните карактеристики за развојот на босанскиот јазик
- Да умее да ги разликува наречјата во босанскиот јазик
- Да умее правилно да ги применува основните знаења за акцентот во босанскиот јазик
- Да ги разликува и правилно да ги употребува граматичките категории во менливите зборови

- Да ги разликува и употребува полуменливите и неменливи зборови
- Да ги разликува видовите реченици и реченичните делови
- Да прави разлика во лексичкото значење на зборовите според нивното потекло
- Да ги применува правописните правила во усното и писмено изразување
- Да ги знае карактеристиките на народната и уметничката книжевност
- Да разликува видови поезија и проза и нивните основни карактеристики
- Да умее да раскажува, опишува и да прераскажува коректно јазично и стилски збогатено
- Да знае за потеклото на Бошњаците во Р. Македонија
- Да ги знае карактеристиките на материјалното и духовното творештво на Бошњаците
- Да има знаења за достигнувањата на Бошњаците во културата и традицијата
- Да знае дека познавањето на културите на другите народи помага во развивање на меѓусебно почитување
- Да ги препознава и разликува сличностите и разликите во различните култури како потреба за збогатување на личноста

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по предметот *јазик и култура на Бошњаците* за IX одделение од деветгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-13555/4
26-08-2014 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Исмаил Демировиќ
Контролирал:Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор